ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122; IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4;
SWIFT: PBZGHR2X; www.zmurh.hr ; e-mail: info@zmurh.hr ; zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr

Урброј: ЗМ – 77/2009
Загреб, 25. 04. 2009.

# З А П И С Н И К

**од вонредниот состанок** на Управниот одбор на Заедницата кој се одржа на ден **25.04.2009. година** со почеток во **11.50 часот** во просториите на МКД „Илинден", Матачиќева 5, Риека.

**Присутни:** А. Митревски – претседател на Заедницата, Ј. Цветичанин – Осиек, Н. Гроздановски – Загреб, И. Дуноски – Риека, Б. Штерјов – Загреб, З. Петровски – Пула и М. Мајиќ – Задар.

**Гости:** Е. Петровска – секретарка на Заедницата.

Состанокот го водеше претс. на УО на Заедницата, А. Митревски. По утврдувањето дека на сосотанокот присуствува доволен број на членови за донесување на правно важечки одлуки, тој ги поздрави сите присутни објаснувајќи им ја потребата за овој вонреден состанок поради потпишувањето на Договорот за финансиска поддршка за Програмата за 2009 година со Советот за национални малцинства при Владата на РХ, го прочита дн. ред за истиот и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на „Планот и програмата на работата за 2009. година со финансиска конструкција„;
2. Донесување на „Финансиски план на Заедницата„ за периодот од 01.04.-31.12.2009. година;
3. Усвојување на „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2009. godine" со трошковниците;
4. Разно.

**Ад. 1.** Претс. А. Митревски го претстави на присутните „Планот и програмата на работа за 2009. година со финансиска конструкција„ кој беше изработен врз основа на Одлуката на Советот за националните малцинства во РХ за доделување на финансиски средства од Државниот буџет на РХ за 2009. година (прилог) и ги информира членовите за тој состанок кој беше одржан во Советот. По расправата, членовите на УО со јавно гласање **со 6 (шест) гласа за и 1 (еден) против го усвоија** „Планот и програмата на работата за 2009. година со финансиска конструкција„.

**Ад. 2.** Предлогот за „Финансискиот план на Заедницата„ за период од 01.04. – 31.12.2009. год. (прилог), Е. Петровска и им го претстави на присутните со напомена дека е направен во рамките на средствата кои се доделени од Советот и останатите институции по предложените програми и врз основа на потрошените средства од минатата година и рече дека оваа година се очекуваат уште средства и од други меродавни институции. По

расправата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно го донесоа** „Финансискиот план на Заедницата„.

**Ад. 3.** За кварталното „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-31.03.2009. godine" за Советот, претс. А. Митревски рече дека е уредно изработен и на време предаден до Советот (прилог) заедно со Извештаите на друштвата, со што членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** заедно со трошковниците и патните налози. Одлуката за патувањето на О. Бојаџиски во Македонија поради одржувањето на состаноци со академикот Томе Серафимовски и со Министерството за култура на РМ и МАНУ за договор во врска со одржувањето на овогодишната културна манифестација „Рацинов ден„ во Самобор, беше претходно телефонски донесена од членовите на УО со 5 гласа за и 2 воздржани.

**Ад. 4.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Се подаруваат 10 примероци на книгата „Крлежа и Македонија„ на авторот О. Бојаџиски на негово барање (прилог);
- Се подаруваат 30 примероци на книгата „Гужва на гранка„ од Наташа Ламбевска на МКД „Охридски бисер„ како донација за библиотеката на ОУ „Никола Тесла„ од Загреб (прилог);
- Се одобрува набавка на фрижидер и правосмукалка за потребите на Заедницата;
- На барањето на МКД „Охридски бисер„ да се состанат претс. А. Митревски, протојерејот К. Велински и претс. на МКД „Охридски бисер„ Б. Штерјов и да го договорат процентот за подмирување на режиските трошоци во просториите на Заедницата меѓу тројцата корисници (прилог);

На крајот, претс. А. Митревски ги извести присутните за одлуките на МКД „Македонија„ од Сплит и МКД „Охридски бисер„ од Загреб за промената на делегатите за Редовното Собрание на Заедницата, а посебно за промената на С. Шкратуља и Г. Колески како членови на Надзорниот одбор на Заедницата поради нивното тотално запоставување на обврските во Друштвата (прилог). Тој исто така нагласи дека го повлекува ветувањето што го даде на минатото Собрание да доколку биде избран за член во Советот за национални малцинства во РХ, ќе поднесе оставка на функцијата претседател на Заедницата и е подготвен да продолжи со оваа функција. Меѓутоа, во колку членовите на УО инсистираат, тој е подготвен да го стави својот понатамошен мандат на изгласување на Собранието.

Седницата заврши во **13.00** часот.

Записничарка:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретарка на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Дипл.инг. Ангел Митревски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ